Четиринаесет граѓански организации **ги добија основите за нивните комуникациски стратегии** за време на обуката за комуникации и видливост која ја организираше Граѓанскиот ресурсен центар во Велес на 26 и 27 февруари.



Учесниците направија **СВОТ анализа и ги поставија комуникациските цели** кои сакаат да ги постигнат. Тие **развија пораки за секоја од нивните целни групи и ги одредија каналите** кои ќе ги користат за да им се обратат. На крај, се фокусираа на креативното размислување и преку бура на идеи (brainstorming) **го креираа планот на активности**

.

Преку интерактивното предавање, тие се здобија со корисни информации поврзани со **пишување на веб, онлајн заедниците, социјалните медиуми и нови алатки** кои во моментов не се многу распространети а се доста корисни.

По завршувањето на обуката, голем дел одговорија дека ќе го применат наученото и **ќе ги довршат започнатите комуникациски стратегии.**
Еден од најкорисните сегменти на обуката рекоа дека им била рефлексијата по организации каде секое здружение поединечно беше разгледано и доби фидбек за унапредување на комуникациите и видливоста.

Обуката е дел од Програмата за градење капацитети на граѓанските организации во склоп на Граѓанскиот ресурсен центар, проект финансиран од Европската Унија а спроведуван од Македонскиот центар за меѓународна соработка во партнерство со Медиа плус, Штип и Асоцијација за демократски иницијативи – АДИ, Гостивар.